

Петар Чаулев (1882. Охрид, Македонија - 23.XII.1924, Милано, Италија) -  бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, член и раководител Македонската револуционерна организација. Тој е еден од позначајните личности во долгогодишната борба за ослободување на македонскиот народ. Задоен со македонската кауза, уште како ученик станува член на ТМОРО. По нејзиниот раскол тој е дел од Реформското крило, а подоцна станува еден од основачите и раководители на ВМРО (Автономистичка). Вербата дека еден ден Македонија ќе биде самостојна држава на македонскиот народ, му овозможува да ги надмине сите животни искушенија. Но на 43 години, смрта ќе го прекине неговиот животен пат и неговите злагања.

Петар Чаулев е роден во 1882 година во Охрид. Потекнува од познато охридско семејство кое во давнина го носело презимето Малечкобеговци, Всушност, презимето Малечкобеговци фигуративно го опишувало нивното богаство, споредувајќи ги со „мали бегови“. Преимето Чауле веќе го носеле неговиот дедо Ном и баба Ана, кои имале три сина: Јане, Диме и Јаким. Татко на Петар, најмалиот син Јаким, бил рибар, додека мајката Флора, која потекнувала од повидните фамилии од пограничниот регион кон Албанија и била братучетка со познатиот Кузман Шапкарев, имала завршено учителска школа.  Јаим и Флора имале повеќе деца, но сите освен Петар изумреле, па неговото родители како на син единец му овозможило достојна образование.

Се школувал во Охрид и во Битола. Завршил гимназија во Битола каде учествувал во работата на Ученичките револуционерни кружоци. На 17 години, како ученик на битолската гимназија св. Кирил и Методиј, положил заклетва и се вклучил во македонското ослободително движење. Венчан за организацијата, веднаш по завршувањето на гимназијата, кратко време учителствувал во охридските села и уште во текот на 1899 година, се јавува како секретар на организационите чети во Охридско, Преспанско и Леринско. За време на Илинденското востание, како војвода на чета и раководител на Охридскиот револуционерен комитет, учествувал во востаничките борби во Охридско и Кичевско.

Во тие бурни години од почетокот на веков, кога револуционерното движење ги собира македонските интелектуалци, Петар Чаулев се вљубил во стружанката Злата, од познатото семејство Голабовци. Сестрата на Злата, која подоцна ќе им помгне, била омажена за Серафим Миладинов, братучед на познатиот македонски поет Константин Миладинов. За својата љубов кон револуцијата, Петар Чаулев како свадбен подарок „добил мало пиштолче украсено со скапоцени камења“.

Во тие години Петар Чаулев како војвода и член на ВМРО бил сомнителен и стално надгледуван од турската власт. И при најмал сомнеж за неговите активности, тој и Злата биле често затварани. Дури и за време на Младотурската револуција во 1908 година, кога повторно се вратил во својот роден град Охрид, бил уапсен и затворен од новата младотурска власт. Од последиците на затворот Злата умрела во 1916 годиона, а за нивните деца се грижела мајката на Петар и сестрата на Злата, Фроса Миладинова. Подоцна повторно се оженил со охриѓанката Иванка Спространова, која ќе остани со него до неговата смрт и ќе го посвети нејзиниот живот „на споменот за него’.

Во тие години неговата револуционерна кариера полека оди по нагорна линија. Во 1911 година, станува член на Престседателството но обновената ВМРО. Односно тој бил избран за член на *ЦК* на *ВМОРО*, заедно со Тодор Александров и Христо Чернопеев, каде отворено се залага за ослободување и осамостојување на Македонија.

